Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

**До:**
ПЗУ (Избрани лекари)

**Предмет:**
Известување за примена на мени ''Регистри'' за Пријави/ Извештаи/ Евиденции апликативното решение Мој термин


Република Македонија
**Министерство за здравство**
**Управа за електронско здравство**
Бр. 08-18/1
25 -12- 2015 год.

50-та Дивизија бр. 14 а,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. : (02) 3112 500
Сајт: www.moh.gov.mk


Почитувани,

Ве известуваме дека Министерството за здравство во склоп на Националниот систем за електронски евиденции во здравството, член 8 од Законот за евиденции во областа на здравството („Службен весник на Република Македонија" бр. 20/2009; 53/2011 и 164/2013) изработи форма за пополнување на пријави и извештаи за индивидуални евиденции во електронски облик.

Имено, од 24.12.2015 во рамките на апликативното решение Мој термин во менито за Регистри активирани се во прелиминарна примена дваесет и два обрасци за пријава/ извештај/ евиденција на незаразни/заразни болести/ состојби чие потполнување ќе биде задолжително од започнувањето на новата календарска година, односно од 01.01.2016 година, како што е пропишано со Законот за здравствена заштита, Законот за евиденции во областа на здравството и Законот за јавно здравје.

Пристапот во системот на Мој термин е според вообичаениот принцип со најава на корисник каде со клик на "Регистри'' од главното мени се отвора листа од триесет и три различни пријави, односно евиденции на незаразни и заразни болести и/или состојби законски дефинирани како евиденции од национален интерес. Дваесет и две од нив (во прилог листата ) се задолжителни за потполнување на што Ви укажува прозорецот кој се отвара при прегледот. Самиот формулар се состои од прв дел во кој веќе се наоѓаат личните податоци на пациентот, додека во преостанатите, вообичаено два дела, ги внесувате податоците кои се однапред одредени според патологиијата на болеста/состојбата за која го потполнувате овој пријава/ извештај/ евиденција.

Праксата на собирање, обработка, известување и презентација на индивидуални евиденции заради биостатистички анализи и изготвување на програми од областа на промоција на јавното здравје и превенција и контрола на заразни и незаразни болести и состојби се организира, спроведува, мониторира и контролира според документите на Министерството за здравство: Програма за јавно здравје во Р.Македонија за 2015, Национална стратегија и Програма на Република Македонија за превенција и контрола на незаразните болести за 2015 и останатите релевантни програми.